РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
"ПЕРЕ ТОШЕВ"
Бр. 01-414/3
10.11. 2025 год.
РОСОМАН

ООУ ПЕРЕ ТОШЕВ 1945 РОСОМАН

**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ООУ „ПЕРЕ ТОШЕВ“ РОСОМАН**

**за период од 2023 до 2025 година**



**Октомври, 2025 година**

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ "ПЕРЕ ТОШЕВ" РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Росоман

# САМОЕВАЛУАЦИЈА на УЧИЛИШТЕТО

2023-2025



ООУ ПЕРЕ ТОШЕВ 19 45 РОСОМАН

Росоман, октомври 2025

www.peretosev.edu.mk

Made with PosterMyWall.com

**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ООУ „ПЕРЕ ТОШЕВ“ РОСОМАН**

**за период од 2023 до 2025 година**



**Октомври, 2025 година**

| САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ „Пере Тошев“ Росоман |
| Адреса | Ул. Пере Тошев бр.2 Росоман |
| Телефон, е-пошта | 043/441-833 ou-peretoshev-rosoman@schools.mk |
| Период на подготовка на СЕУ | |
| Број на ученици во училиштето | 337 |
| Број на подрачни училишта | 4 |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Ленче Стојанова |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Загорка Орданова Златковска |
| Потпис | |
| Датум | |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **1.1 Планирања на наставниците**<br><br>**1.2 Наставен процес**<br><br>**1.3 Искуства на учениците од учењето**<br><br>**1.4 Оценувањето како дел од наставата**<br><br>**1.5 Воннаставни активности и натпревари** |



| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Пред почетокот на учебната година стручната служба прави проверка на програмите и на наставниците им дава помош и поддршка. Наставните часови се следат од страна на директорот и стручните соработници со цел да се постигнат предвидените цели и напредокот на учениците и тие со наставниците редовно одржуваат консултативни разговори. |
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | Наставниците разменуваат искустав и информации на состаноците на стручните активи користат стручни искуства од разни медиуми и од регионална соработка со други |

| | | |
|---|---|---|
| | | училишта и како резултат на тоа подобрено е планирањето и реализацијата на наставата. |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Реализација на наставни планови и програми | Наставниот процес во ООУ „Пере Тошев“ – Росоман, се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Училиштето ги следи предвидените наставни програми и ги спроведува сите обврски во согласност со законските прописи. Наставните планови и програми училиштето ги реализира според Календарот за реализација од МОН, според кој се планира распоред за реализација на наставата за учебната година. Наставниците навремено ги изработуваат планирањата |
| | Избор на наставни предмети | Се избираат според правилникот за слободни активности преку анкети и пташалници |
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | Наставниците, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците, а голем од нив користат различни пристапи и ресурси за учење и настава |
| | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Од одговорите на прашалниците, голем дел од учениците и родителите се изјаснуваат дека комуникацијата наставник-ученик е двострана, јасна и со почит. |
| | Реализација на образовна инклузија | Учениците со потешкотии се препознаваат, се работи со нив од страна на наставникот, стручната служба и истите покажуваат напредок |
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Ученици од различни етнички заедници работат заедно на: |

| | | |
|---|---|---|
| | | • истражувачки проекти (историја, култура, екологија),<br>• изработка на постери,<br>• научни експерименти,<br>• проекти за локалната заедница.<br>Ова ја поттикнува соработката и меѓусебното запознавање. |
| **Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Средина и атмосфера за учење | Учениците се чувствуваат прифатено и безбедно во училиштето. Училиштето се грижи и одговара на потребите на учениците, родителите и заедницата се вклучени во училишниот живот |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Успешно се идентификуваат и задоволуваат потребите на учениците за различни образовни процеси |
| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Училишна политика за оценување | Наставниците ги запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет учениците и родителите, и навремено даваат информации за постигањата |
| | Методи, форми и инструменти за оценување | **Формативно** – континуирано следење и повратна информација.<br><br>**Сумирано** – крајно оценување (тест, испит).<br><br>**Дијагностичко** – утврдување почетни знаења.<br><br>**Автентично** – реални задачи и проекти. |

| | | |
|---|---|---|
| | | ▯ **Самооценување/врсничко оценување** – ученикот се оценува себеси или друг. |
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Училишниот успех се следи од страна на стручната служба и се евидентира во извештаите од работата на училиштето. |
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Наставниците ги запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет учениците и родителите, и навремено даваат информации за постигањата. Голем дел од наставниците користат пофалба како награда за постигнат успех и/или вложен труд и даваат дополнителна помош и поддршка како и насоки како да се зголемат постигањата |
| **Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | Се реализираат воннаставни активности и натпревари според планираното, учениците со интерес и желба се вклучуваат во воннаставните активности а нивните идеи и предлози се земаат во обзир. |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | Се реализираат воннаставни активности и натпревари според планираното, учениците со интерес и желба се вклучуваат во воннаставните активности а нивните идеи и предлози се земаат во обзир. |
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | 5. Во училиштето се спроведуваат воннаставни активности според расположивите ресурси, кадар и интересите на учениците. Изборот е според интересите на учениците, обемот на активностите е според насоките од БРО и МОН. |

| | | |
|---|---|---|
| | Натпревари | Училиштето реализира натпревари за учениците според динамиката на акредитираните друштва кои се организатори на истите, а учениците се вклучуваат според своите способности |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Наставниот процес во ООУ „Пере Тошев“ – Росоман, се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Училиштето ги следи предвидените наставни програми и ги спроведува сите обврски во согласност со законските прописи. Наставните планови и програми училиштето ги реализира според Календарот за реализација од МОН, според кој се планира распоред за реализација на наставата за учебната година. Наставниците навремено ги изработуваат планирањата. Пред почетокот на учебната година стручната служба прави проверка на програмите и на наставниците им дава помош и поддршка. Наставните часови се следат од страна на директорот и стручните соработници со цел да се постигнат предвидените цели и напредокот на учениците и тие со наставниците редовно одржуваат консултативни разговори.<br><br>1. Наставниците изготвуваат планирања за реализација на наставата по предмет, неделни планирања и сценарија за наставен час согласно Националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Училиштето се стреми да обезбеди развој на критичко мислење кај учениците и активно учество на учениците во наставата. Наставниците разменуваат наставни искуства во рамки на стручните активи, користат стручни искуства од разни медиуми и од регионална соработка со други училишта и како резултат на тоа подобрено е планирањето и реализацијата на наставата.<br>2. Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето и ги одразуваат интересите на учениците. Директорот и одговорните наставници ја следат процедурата за изборните предмети. Ја спроведуваат со анкетни листови и ги сумираат податоците, според тоа се прави распоредот за наставниците.<br>Учениците со тешкотии и учениците со посебни образовни потреби се вклучени во редовниот воспитно-образовен процес, за нив се иработуваат прилагодени наставни планови и активности согласно нивните потреби и способности.<br>3. Во училиштето има пристап до различни материјали за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели). Наставниците, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците, а голем дел од нив користат различни пристапи и ресурси за учење и настава. Дел од наставниците ги користат расположливите ресурси на функционален начин користејќи современи методи на настава како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на |

дигитални алатки и програми. Во сите училници во централното училиште има смарт табли или телевизори, кои дел од наставниците ги користат соодветно.   Учениците со попреченост се комплетно вклучени во наставниот процес.

4. Наставниците ги запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет учениците и родителите, и навремено даваат информации за постигањата. Голем дел од наставниците користат пофалба како награда за постигнат успех и/или вложен труд и даваат дополнителна помош и поддршка како и насоки како да се зголемат постигањата на ученикот.

5. Во училиштето се спроведуваат воннаставни активности според расположивите ресурси, кадар и интересите на учениците. Изборот е според интересите на учениците, обемот на активностите е според насоките од БРО и МОН. Училиштето реализира натпревари за учениците според динамиката на акредитираните друштва кои се организатори на истите, а учениците се вклучуваат според своите способности.

**Силни страни**

Наставата се планира и реализира во целост, постои хоризонтална и вертикална соработка на сите чинители на воспитно-образовниот процес. Училиштето е добро опремено со ресурси за изведување на наставата, наставни материјали и помагала како и модерна технологија како смарт табли и смарт телевизори поврзани со интернет, и истите се користат во голема мера за остварување на образовните цели.

Реализацијата на наставата се следи и се добива конструктивна повратна информација со цел континуирано подобрување на квалитетот на наставниот процес.

Се реализираат воннаставни активности и натпревари според планираното, учениците со интерес и желба се вклучуваат во воннаставните активности а нивните идеи и предлози се земаат во обзир.

Учениците со потешкотии се препознаваат, се работи со нив од страна на наставникот, стручната служба и истите покажуваат напредок.

**Слаби страни**

Има ученици со потешкотии во учењето за кои наставниците немаат доволно време за работа на ученикот на самиот час и има отежната соработка со родителот за превземање активности во интерес на ученикот;

Дел од наставниците користат традиционална настава, односно мал дел, посебно во предметна настава, користат искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми.

Наставниците се соочуваат со голем притисок од страна на родителите , при оценувањето на учениците на крајот на учебната година; Има ученици, иако помал дел, кои оценувањето не го доживуваат како правично; Училиштето нема изработено Кодекс за оценување;

Иако се реализираат различни воннаставни активности повеќето се краткорочни, а само мал дел од учениците се вклучени во долгорочни активности, при што најголем дел од областа на спорт и спортски активности;

| |
|---|
| Постои потреба од подобра организираност и реализација на ученичички клубови/секции. |
| **Приоритети**<br><br>Работа во насока на реално оценување на постигањата на учениците;<br><br>Подобра организација и зголемување на интересот од страна на наставниците за организирање на ученички клубови и секции. |

| **Анализа и изработка на извештај за Подрачје 1: Планирање, настава и учење** | |
|---|---|
| 1. | Весна Окардова– Предметен наставник - Координатор |
| 2. | Жаклина В.Ѓорѓиева – одделенски наствник |
| 3. | Силвија Кртиќ Велков- предметен наставник |
| 4. | Катарина Димова – одделенски наставник |
| 5. | Анета Колева- одделенски подрачно уч. |
| 6. | Трајче Орешков- предметен наставник |
| 7. | Лидија Филипова – одд наставник |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **2.1 Постигања на учениците**<br><br>**2.2 Мерки за подобрување на постигањата** |

Самоевалуација на училиштето: ООУ „Пере Тошев“ Росоман Подрачје 2: Постигања на учениците

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | Во училиштето се следат постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди и се вклучени во извештаите на училиштето на полугодие и на крај на година. |
| | Резултати од екстерни тестирања | Во училиштето во изминатите години се нема спроведено екстерно тестирање |
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Учениците кои имаат потешкотии во учењето, како и талентираните и надарените ученици се идентификуваат од страна на наставниот кадар и од стручната служба по пат на опсервација и тестирања. |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | Родителите/старателите се известуваат за постигањата на учениците со евидентни листови на крај од секој квартал како и континуирано доколку има потреба од тоа. |
| **Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| | Редовност во наставата | Редовноста на учениците се следи од страна на наставниот кадар и стручната служба. |
| | Советување на родители/старатели и ученици | Соодветно се превземаат мерки за учениците односно родителите на учениците кои се нередовни и се вклучуваат во програмата за советување на ученици/родители реализирана од страна на стручната служба Често се превземаат и посети во домот на учениците за да се увиди причината за непосетување настава. Во училиштето се реализира додатна и дополнителна настава според потребите на учениците и се води соодветна евиденција од страна на наставниот кадар. |
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | За учениците кои имаат потешкотии се организира и соодветно се евидентира дополнителна настава. |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| **Подрачје 2: Постигања на учениците** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Во училиштето се следат постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди и се вклучени во извештаите на училиштето на полугодие и на крај на година. Се прават анализи и споредби на постигањата на учениците лонгитудинално. Учениците кои имаат потешкотии во учењето, како и талентираните и надарените ученици се идентификуваат од страна на наставниот кадар и од стручната служба по пат на опсервација и тестирања. Родителите/старателите се известуваат за постигањата на учениците со евидентни листови на крај од секој квартал како и континуирано доколку има потреба од тоа.<br>Редовноста на учениците се следи од страна на наставниот кадар и стручната служба, соодветно се превземаат мерки за учениците односно родителите на учениците кои се нередовни и се вклучуваат во програмата за советување на ученици/родители реализирана од страна на стручната служба. Често се превземаат и посети во домот на учениците за да се увиди причината за непосетување настава. Во училиштето се реализира додатна и дополнителна настава според потребите на учениците и се води соодветна евиденција од страна на наставниот кадар. |
| **Силни страни** |

| |
|---|
| Училиштето води евиденција и прават опсежни анализи на постигањата на учениците, кои се користат како еден од индикаторите за оценување на квалитетот на наставниот процес.<br><br>Во училиштето постојат програми за идентификација  и работа со учениците со потешкотии и талентираните и надарените, кој е вклучен во Годишната програма на училиштето . По идентификување од страна на наставниците, стручната служба дава помош и поддршка на учениците од овие категории. За учениците кои имаат потешкотии се организира и соодветно се евидентира дополнителна настава. Додатна настава исто така се организира за учениците.<br><br>Редовноста на учениците се следи од страна на класниот раководител, стручната служба се известува доколку има потреба т.е. ученикот има голем број на изостаноци, родителот нема информација за изостанувањето и сл. по што се превземаат соодветни мерки (советување на учениците, советување на родителот, посети во домот, соработка со други институции за надминување на проблемот). |
| **Слаби страни**<br><br>Во училиштето ретко се детектираат надарени/талентирани ученици, затоа што за почетниот процес на идентификација е задолжен наставникот кој најчесто акцентот го става на подобрување на постигањата и интересот кај учениците кои имаат послаби постигања по предметот, додека талентираните ученици најчесто остануваат незабележани, односно приоритет најчесто се дава на дополнителната настава а не на додатната. |
| **Приоритети**<br><br>Поголем ангажман на стручната служба и наставниот кадар во работа со талентираните и надарените ученици, посетување на обуки и едукација на наставниот кадар за препознавање на повеќе видови талентираност и надареност. |

| **Анализа и изработка на Извештај за Подрачје 2: Постигања на учениците** | |
|---|---|
| 1. | Трајанка Ризова- одделенски наставник -координатор |
| 2. | Мирјана Јошева– предметен наставник |
| 3. | Сања Панарин Малинков– предметен наставник |
| 4. | Анета Јоновска Љубенова- одделенски наставник |
| 5. | Бетка Ристова- предметен наставник во подрачно уч. |
| 6. | Весна Настовска – одделенски наставник |
| 7. | Душко Јошев- предметен наставник |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **3.1 Училишна клима**<br><br>**3.2 Еднаквост и правичност**<br><br>**3.3 Партнерски однос со заедницата**<br><br>**3.4 Севкупна грижа за учениците** |

Самоевалуација на училиштето: ООУ „Пере Тошев“ Росоман Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкети, медиумски објави , копија од кодекс, записници, известувања, извештаи на стручна служба, прашалници од самоевалуација, записници од Ученички парламент. | Углед/имиџ на училиштето | Резултати од анкети со ученици и родители покажуваат позитивна перцепција. Училиштето има добар јавен углед и активно учество во локални настани и проекти. |
| | Кодекс на однесување | Кодексот на однесување е усвоен на Совет на наставници и истакнат на видно место. Наставниците, учениците и родителите се запознаени и делумно го почитуваат. |
| | Училишна клима | Анкетите покажуваат дека учениците се чувствуваат прифатено и безбедно. Стручната служба бележи позитивна атмосфера и добра комуникација меѓу наставници, ученици и родители. |

| | | |
|---|---|---|
| | Поведение и дисциплина во училиштето | Поведението е на задоволително ниво. Инцидентите се ретки и навремено решавани преку разговор и соработка со стручната служба. |
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Учениците активно учествуваат преку ученички парламент, предлагаат активности и се вклучуваат во решавање ученички прашања. |
| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Програми, индивидуални часови, индивидуални образовни планови, извештаи, прашалници од самоевалуација, активности за инклузија. | Познавање и почитување на правата на децата | Реализирани се часови и работилници за детски права. Учениците ги познаваат и ги почитуваат правата на другите. Во училиштето се негува култура на почитување и разбирање. |
| | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Се применуваат индивидуализирани образовни програми. Наставниците обезбедуваат еднаков третман за сите ученици, без разлика на пол, етничка припадност или способности. |
| **Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Записници од Совет на родители, записници од родителски средби, анкети, општински извештаи, прашалници од самоевалуација, медиумски објави, меморандуми за соработка, фотографии. | Соработка на училиштето со родителите/старателите | Реализирани се редовни состаноци со Совет на родители. Родителите се активно вклучени во настани, проекти и хуманитарни активности. Одделенските раководители редовно одржуват родителски средби на кои покрај со успехот и дисциплината на учениците, присутните родители ги запознаваат и со сите останати случувања во училиштето. |
| | Соработка со општината и со урбаната заедница | Училиштето соработува со Општина Росоман, Црвен крст и други институции (здравствени установи, спортски клубови и |

| | | |
|---|---|---|
| | | еко-друштва) преку заеднички еколошки, културни и хуманитарни акции. |
| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Програма за заштита, записници, Извештаи од техничка служба и надзор, План за евакуација, вежби, инспекциски извештаи, евиденција, фотографии, медицински белешки, разговори, прашалници од самоевалуација, анкети. | Превенција и заштита од насилство | Реализирани се обуки и активности за превенција на насилство. Постојат јасни процедури за постапување при насилство и заштита на учениците. |
| | Хигиена и заштита од болести | Хигиената се одржува секојдневно но не на задоволително ниво. Просториите редовно се чистат и дезинфицираат. Се спроведуваат мерки за заштита од болести. |
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Училиштето има план за евакуација и спроведува редовни вежби за безбедност. Се спроведуваат инспекциски проверки и обуки за заштита.<br>Во училиштето постои и тим за реализирање на планот за евакуација, а во периодот во кој се изработува самоевалуацијата во тек е изработка на нов План за заштита и спасување и Проценка за загрозеност кој ќе биде доставен до Дирекција за заштита и спасување до крајот на 2025 година. |
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Учениците од социјално загрозени семејства покрај бесплатен оброк и униформи добиваат и материјали и дополнителни хигиенски и хранливи производи. Реализирани се повеќе хуманитарни акции. |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | Наставниците се запознаени со здравствените состојби и обезбедуваат прилагоден пристап. По потреба се вклучува медицинско лице или психолог. |

| | | |
|---|---|---|
| | Грижа за социоемоционалната добросостојба на учениците | Стручната служба следи социоемоционалната состојба на учениците и нуди поддршка преку индивидуални и групни разговори. |
| Извештаи од работилници, тестови за професионална ориентација. | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Организирани се работилници и тестирања за правилен избор на професија/средно училиште во согласност со интересите и способностите на учениците. |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето** |
|---|

| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Училиштето има добар углед во заедницата. Има кодекс на однесување кој се почитува од сите вклучени во училишниот живот. Училишната клима е задоволителна, поведението и дисциплината се на задоволително ниво. Учениците активно учествуваат во донесувањето одлуки и решавањето проблеми, најчесто преку Ученичкиот парламент кој функционира на задоволително ниво.<br><br>Во училиштето се почитуваат сите принципи кои се во интерес на правилен развој на децата, учениците имаат еднаков третман во сите области.<br><br>Училиштето е отворено за соработка со родителите и ги вклучува и информира во сите делови од својата дејност преку Советот на родители. Училиштето соработува со општината и заедницата преку разни активности.<br><br>Во училиштето има програми за заштита од насилство кои се реализираат од страна на наставниците и стручната служба, се планираат со Годишната програма и се вклучени во Статутот на училиштето. Во училиштето се постапува според Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва од било која формите на насилство, злоупотреба и занемарување. Во училиштето има изолирани инциденти кои наставниот кадар и стручната служба ги решаваат по принцип на навременост и најдобар интерес на детето. Во училиштето хигиената се одржува од страна на техничката служба, со повеќекратно чистење на заедничките простории во текот на денот, и едно чистење на училниците. Безбедноста во училиштето е на задоволително ниво. Училиштето се грижи за учениците од социјално загрозени семејства со тоа што им овозможува на учениците бесплатни униформи, појадок додека престојуваат во училиште, се организираат разни хуманитарни акции за помош на семејствата, им се дава психолошка помош и поддршка. Социоемоционалната состојба на учениците се следи од страна на наставниците и соодветно се превземаат мерки од страна на стручната служба доколку се увиди потреба. Во завршните две одделенија (осмо и деветто) се организираат работилници и тестирања со цел правилен избор на професија/средно училиште кое е во склад со нивните способности и интереси. |
| --- |
| **Силни страни**<br><br>Учениците се чувствуваат прифатено и безбедно во училиштето. Училиштето се грижи и одговара на потребите на учениците, родителите и заедницата се вклучени во училишниот живот. |
| **Слаби страни**<br><br>Одзивот и желбата на родителите за поголема вклученот и присутност во училиштето не се на ниво, посебно во предметна настава.<br><br>Сите наставници не располагаат со доволно компетенции да одговорат на социо-емоционалните потреби на ученците, и не се доволно вклучени во процесот на избор на професија/средно училиште. |
| **Приоритети**<br><br>Да се зголеми комуникацијата со родителите, да се зголеми присутноста и активната партиципација во наставниот процес како и во вонаставните активности во училиштето. |

| |
|---|
| Да се обезбеди развој на „меките“ вештини кај наставниците, т.е комуникациски вештини, емпатија и емоционална интелигенција, тимска работа и соработка, флексибилност и адаптибилност, креативност, лидерство и мотивирање, отпорност на стрес и саморегулација и сл. |

| **Анализа и извештај за Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето** | |
|---|---|
| 1. | Анита Колева– предметен наставник -координатор |
| 2. | Александра Касапинова– предметен наставник |
| 3. | Елена Петкова – предметен наставник |
| 4. | Душко Миловановиќ- предметен наставник |
| 5. | Анита Пешова - одделенски наставник во подрачно уч. |
| 6. | Стојанче Саздов-стручен соработник |
| 7. | Даниела Ѓорѓиева – одд.наставник подрачно училиште |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|

| 4.1 Управување и раководење со училиштето<br><br>4.2 Цели и креирање на училишната политика |
|---|

Самоевалуација на училиштето: ООУ „Пере Тошев“ Росоман Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Управување со училиштето | Училишниот одбор, како орган на управување со училиштето, е конституиран во согласност со законската регулатива и статутот на училиштето. Училишниот одбор како орган на управување ги извршува своите предвидени надлежности. Училишниот одбор има деловник за работа и во целост ги следи постапките и процедурите опишани во истиот (број на членови, начин на свикување на состаноците, начин на водење на состаноците, начин на одлучување, водење записници и документација за работата на УО). Постои целосна транспарентност во одлуките кои ги донесува. Членовите се запознаени со надлежностите кои ги имаат и сите програмски документи на училиштето ги усвојуваат со претходно детално разгледување на истите. Постои соработка меѓу училишниот одбор и раководниот орган на училиштето како и другите училишни структури. На состанокот се водат и донесуваат одлуки за актуелни, тековни прашања за работата во училиштето. За одлуките се информираат вработените во училиштето преку Наставнички совет и извештаи за работа на УО. |
| | Раководење со училиштето | Директорот своите работни задачи ги извршува согласно Годишната програма за работа на директорот и Законот за основно образование. Директорот е одговорен за |

| | | |
|---|---|---|
| | | законитоста на работењето на училиштето како и материјално финансиското работење на училиштето. Го застапува и го претставува училиштето. Директорот ја следи тимската работа донесува одлуки, делегира надлежности, комуницира со учениците, вработените и родителите, а одговорен е и за остварување на правата и обврските на учениците. Иницира имплементирање на новините во образованието. Континуирано ја следи имплементацијата на приоритетите идентификувани во развојната програма. Воспоставува партнерства со локалната и деловната средина како и со граѓанските организации. |
| | Управување и раководење со ресурсите | Училиштето ги користи рационално материјалните ресурси кои се потребни за успешно реализирање на наставата. Просторните капацитети ги задоволуваат стандардите за изведување настава, но секогаш има потреба од дополнителен простор за успешно спроведување на активностите. Во најголем број потребните потрошни материјали ги обезбедува училиштето. Секоја учебна година наставниците доставуваат список со материјали кои им се потребни во наставата и согласно предвидениот буџет на училиштето се набавуваат потребните средства. Библиотеката на училиштето прави различни собирни акции и Саем на книгата со цел прибирање на лектирен фонд кој им е достапен на учениците. |
| | Раководење со кадарот | Училиштето има соодветен наставен кадар и изборот на наставен кадар и стручни соработници се врши согласно критериуми кои е потребно да ги исполнуваат кандидатите за вработување. . Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. За професионален развој на наставниот кадар, на почеток на секоја учебна година секој наставник и стручен соработник согласно своите компетенции изработува личен план за професионален |

| | | |
|---|---|---|
| | | развој каде ги наведува областите за кои има потреба за обука. Согласно истите училиштето организира обуки за професионално надоградување на наставниците и стручните соработници. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето организира и ги вклучува наставниците и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современите образовни текови. Училиштето организира дисеминација на искуствата здобиени од обуките. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж, како и програма за менторство. |
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Наставата ја следи раководната и стручната служба најмалку два пати годишно или по потреба. По секое следење се прави разговор со наставникот и му се даваат повратни информации за подобрување на квалитетот на наставата. При следната посета на часовите се следи дали се применуваат препораките кои биле дадениод претходно извршените посети. |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Процедури за креирање на училишната политика | Училиштето изработува Годишна програма во која се планирани целите кои треба да се постигнат со развојната програма. Училиштето има своја веб страна и социјални мрежи на кои се објавуваат важни информации за заинтересираните страни. За сите поважни информации се изготвуваат соопштенија кои се објавуваат на огласната табла и на веб страната на училиштето. |
| | Резултати од развојно планирање | Во развојната програма на училиштето се планираат мисијата и визијата, приоритетните подрачја за развој, како и начинот на следењето и евалуацијата на развојната програма со цел да се унапреди воспитно- |

| | | |
|---|---|---|
| | | образовната работа во училиштето. При развојното планирање учествува училишен тим кој го сочинуваат директор, помошник директор,наставници, стручни соработници и родител. Развојната програма на училиштето ја подготвува директорот, а ја усвојува Училишниот одбор. Сите чинители при изработка на развојната програма соработуваат меѓусебе во најдобар интерес на училиштето. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање. Училиштето има акциски планови, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на развојната програма. |
| | Планирање и управување со училишниот буџет | Директорот на училиштето има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства и ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Буџетските средства се користат наменски за приоритетите и целите на училиштето како и за подобрување на квалитетот на наставниот процес. Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Финансискиот план е усвоен од Училишниот одбор и Советот на општината |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Подрачје 4: Управување и раководење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето** |

| |
|---|
| Управувањето на училиштето го реализира Училишниот одбор, додека со училиштето раководи директорот. Креирањето на политиките, односно, носењето на одлуките е согласно законите и Статутот на училиштето, а се според потребите на учениците, родителите, наставниот кадар, вработените, стручната служба и менаџментот на училиштето. Во креирањето на одлуките и политиките вклучени се сите чинители, преку своите работни тела: Училишен парламент, Училишен правобранител, Совет на родители, Стручни активи, Одделенски и Наставнички совет, Училишен одбор и Директорот на училиштето. |
| **Силни страни**<br><br>Училишниот одбор одржува редовни седници и донесува навремени одлуки по важни прашања, има утврден деловник за работа, редовно се водат записници и се информираат наставници и родители за одлуките кои се донесени. Постои партнерски однос во работата на УО и раководниот орган на училиштето. УО ги почитува и зема в предвид мислењата и ставовите на наставниците, родителите и локалната самоуправа преку нивни претставници. Раководниот орган ги согледува, координира и обединува потребите и мислењата на сите вклучени страни во работата на училиштето. Училиштето има внатрешни механизми за оддавање признанија/правилник за кадарот кој работи 10, 20, 30 и 40 години во училиштето и наставниците чии ученици освојуваат награди на значајни натпревари во текот на учебната година. Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. |
| **Слаби страни**<br><br>Училиштето нема пропишани процедури за донесување училишни политики т.е. не постои утврдена рамка за донесување конкретни одлуки и креирање политика. Недоволна информираност на родители и наставници за трошење на училишен буџет и покрај постоењето на веб страна на кој тековно се известува за финансиското работење на училиштето. Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија/правилник за кадарот кој внесува ефективни иновации во работата или со својот личен успех даваат допринос за афирмација на училиштето. |
| **Приоритети**<br><br>Подобрување на комуникација на ниво на претставници од Совет на родители и родители на ниво на паралелка, поради поголема транспарентност и информираност за училишни политики и распределба на училишен буџет.<br><br>Изготвување на правилник за оддавање признанија за кадарот кој внесува ефективни иновации во работата или со својот успех даваат допринос за афирмација на училиштето. |

| **Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики** | |
|---|---|
| 1. | Мирјана Димова - одделенски наставник -координатор |
| 2. | Стрилка Кузманова – предметен наставник со искуство во подрачно уч. |
| 3. | Татјана Ичев - одделенски наставник |
| 4. | Јана Шепендиева – предметен наставник |

| | |
|---|---|
| 5. | Олгица Арсова – предметен наставник |
| 6. | Драгана Темова – одделенски наставник  во подрачно уч. |
| 7. | Македонка Јанева – одд наставник |

**Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации**

| |
|---|
| Анкета за родители/старатели |
| Анкета за наставници |
| Анкета за ученици Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба |
| Резиме од фокус групи |
| Наоди од набљудување часови |
| Наоди од други видови набљудувања |